





# ОДРЖУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ВО ИНДУСТРИЈАТА ЗА РУДАРСТВО И ВАДЕЊЕ КАМЕН

Belzona заштитни премази и инженерски композити

BELZONA®
Репарација • Заштита • Подобрување

# НАШАТА ИСТОРИЈА

Уште од 1952 година, Belzona предводи иновативна технологија која радикално го измени пристапот на проблемите во одржувањето на индустриските капацитети и процедурите во одржувањето. Белзона има долгогодишно искуство во рударството кое датира од 1950-тите, со докажано следење на употреба на Belzona 1111 (Супер Метал), кој за прв пат се користел за поправки на машински делови и апликации на заливање. Во некои случаи проблемите во одржувањето со Belzona се решаваат и на лице место без демонтажа на деловите, со што се заштедува време и се намалува застојот на машините и опремата. Овие решенија со ладна постапка се безбедни и долготрајни без ризик за работниците и оштетување на опремата.

Искуството на Belzona, иновациите на производите и техничката поддршка продолжуваат да носат успех.


Издржливи долготрајни премази за заштита од корозија, ерозија и кавитација


Бариерни премази за заштита од агресивни хемикалии


Еластомерни полимери за заштита од удари


Антиабразивни системи за заштита од ерозија

# ИНОВАТИВНИ РЕШЕНИЈА ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА УСПЕХ

Секоја рударска постројка има предизвици поради влага, абразија и хемиска средина.
Машинската опрема и структури се погодени од високо агресивни средини, кои може да вклучат:

- Абразија која е една од главните услови во рударството и има влијание на перформансите на опремата и структурите. Опремата треба да пренесува тврд и абразивен материјал, од локација до локација, во процеси, како што се екстракција, транспорт, дробење и мелење на метални и неметални минерали;
- Изложеност на корозија поради присуство на вода во влажни, корозивни процеси, како што се флотација на минералот и згуснување на концентратот;
- Изложеност на сурови хемикалии во процесот на рафинирање на база на метали, кој се изведува во киселински средини, и процесот на електролиза кој се изведува во многу агресивна и корозивна средина на сулфурна киселина.

Belzona нуди широк спектар композити за поправка, премази и облоги специјално формулирани да ги издржат тешките оперативни средини на индустријата за рударство и вадење камен. Ние обезбедуваме квалитетни производи, како и стручно знаење (KNOW-HOW) и обука за избор на материјалите и техниките на нанесување со цел да се обезбеди највисок можен стандард.

Видео: Рударство и вадење на камен

## BELZONA ВРЕМЕНСКА РАМКА

1950 · 1960 · 1970 · 1980

- Компанијата е основана и нуди антикорозивни премази збогатени со цинк
- Представени се првите метални полимери
- Започна со сервисирање во рударската индустрија
- Нанесена е првата челична легура отпорна на корозија
- Воведени се керамички метали
- Формулирани се магма полимери отпорни на хемикалии
- Представена е првата облога отпорна на абразија
- Представени се еластомерите за репарација на транспортни траки

# ГЛОБАЛНА ПРИСУТНОСТ - ЛОКАЛНА ПОДДРШКА

Белзона има над 140 дистрибутери во повеќе од 120 земји, обезбедувајќи не само достапност на Белзона материјалите, туку и поддршка, управување со проекти, услуги за примена и надзор. Дистрибутерите и нивните тимови се поддржани од канцелариите на Белзона во Европа, Северна Америка и Азија.

За да го пронајдете вашиот локален Belzona претставник, посетете ја **belzona.com/find**



**КОРПОРАТИВНИ КАНЦЕЛАРИИ**

Belzona Canada
Ontario, Canada
t: +1 (905) 737-1515
f: +1 (905) 737-1597

Belzona Inc
Miami, Fl, USA
t: +1 (305) 594-4994
f: +1 (305) 599-1140

Belzona Polymerics Ltd
Harrogate, UK
t: +44 1423 567641
f: +44 1423 505967

Belzona Asia Pacific
Chonburi, Thailand
t: +66 38 491031
f: +66 38 491102

Нашите стручни технички консултанти со години на теренско искуство и напредна обука се достапни за да ви помогнат на секој чекор на патот: да го дијагностицира проблемот, да препорача решение и да обезбеди поддршка на апликацијата на самото место



# АНТИАБРАЗИВНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ДОЛГОТРАЈНА ЗАШТИТА

Композитни материјали за поправка и заштита на опрема



Кога се тестираат според ASTM стандардите, Belzona керамичките премази за заштита од абразија покажуваат минимална загуба на волумен.

Во индустријата за рударство и вадење камен, оштетувања од абразија се случуваат поради триење и прекумерно абење од грубо лизгање и влијание на тврди материјали кои се во допир со површините на опремата.

Belzona облогите отпорни на абење за првпат се воведени во 1981 година со цел да се воведе контрола на предвременото абење на машините, што претставува главен виновник за застој и финансиски загуби во рударската индустрија.

Ние нудиме голем број на исклучителни облоги отпорни на абење за сува и мокра абразија. Нашите керамички премази и високо молекуларни полимерни композити кои може да се нанесуваат и со шприцање, имаат докажано искуство за значително забавување на ерозијата, додека полиуретанските премази се дизајнирани да ја апсорбираат и дисперзираат енергијата на ударот.

Belzona ви помага да се надмине предизвикот за одржување на фабриката за време на поправките, со што се намалува застојот. Нашите решенија дозволуваат работа на лице место без употреба на топла постапка. Како резултат на тоа, загубите во производството и непријатностите се значително намалени.

## РЕПАРАЦИЈА И ЗАШТИТА НА МЛИНОВИ

Сериозно абење се јавува во различни делови на опремата за мелење, како што се хилзни, ракавци, сита и надворешен плашт. Белзона има широк спектар на производи кои можат да го издржат триењето и влијанието на механизмите за мелење. Белзона го одредува вистинското решение за секоја проблематична област.



Оштетување на споевите во млинот



Споевите се обновени и заштитени



Истрошена површина на ракавецот



Завршена апликација



Спирала (чаура) подготвена да биде задихтувана



Спиралата е задихтувана

## ОБНОВУВАЊЕ НА СИСТЕМИ ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛИ

Процесните материјали во рударството може да предизвикаат брза ерозија на системите за пренесување, како што се бункери, цевководи, канали и додавачи. Подлогите најчесто се изработени од легури отпорни на ерозија кои се несоодветни за заварување. Антиабразивните Белзона системи за обложување кои се состојат од алумина плочки и епоксидни полимери, успешно се користат да ги издржат ефектите на абење, со што се избегнува заварувањето и се намалува времето на застој.

## ПОПРАВКА НА ЦЕВКИ И КАНАЛИ

Абразивниот материјал може да ги истроши цевките, најчесто во близина на свиоците (колената) и Т-споевите каде материјалот удира на ѕидот на цевката. Белзона керамичките полимери образуваат безшевни облоги со одлична отпорност на абразија против фини и груби честички и високи температури. Конвенционални методи или замена на цевките негативно влијаат на процесот во фабриките, поради предизвикување на непредвидени застои.

## ОБЛОЖУВАЊЕ НА ХИДРОЦИКЛОНИ

Големината на честичките, процентот на цврсти материи, притисокот и интензитетот на проток на кашеста маса од рудата предизвикуваат високи нивоа на абразија на облогите на циклонските конуси. Белзона материјалите се базираат на високо молекуларни тежински полимери и олигомери кои содржат керамика отпорна на абење и агрегати кои можат да издржат агресивни средини.

## ЗАШТИТА НА ПОЛЖАВЕСТИ ТРАНСПОРТЕРИ (ШНЕКИ)

Константната абразија во текот на транспортирање на материјалите предизвикува абразија и корозија на спиралата и осовината на полжавестите транспортери. Тоа може да се намали со нанесување на Белзона антиабразивен систем. Коритата исто така може да се обноват со различни Belzona производи со цел да се зголеми работниот век на опремата и да се елиминираат трошоците за замена.

belzona.com/shm


Оштетена цевка


Обновување на внатрешната површина


Нанесен е антиабразивен систем


Скинато колено од цевка


Залепени надворешни плочки


Апликацијата е завршена


Истрошен циклонски конус


Апликацијата е во тек


Завршена апликација


Еродиран полжавест транспортер


Заштита на спиралата од транспортерот


Заштита на вратилото



# АНТИАБРАЗИВНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ДОЛГОТРАЈНА ЗАШТИТА

Флексибилните гумени материјали нудат извонредна издржливост, еластичност, висока абразија и отпорност на кинење

Гумена опрема и компоненти кои најчесто се наоѓаат во рударството и индустрија за вадење камен, како што се транспортни траки, погонски валци, гуми и пумпи за кашеста маса. Оваа опрема природно ќе се истроши како резултат на изложеност на тешки абразивни процеси. Белзона Еластомерите за прв пат беа воведени во 1985 година за обнова, заптивање и поврзување оштетени гумени материјали. Понатаму, овие полиуретани се користат за изработка или замена на резервни делови кога тие веќе не се достапни од оригиналниот производителот или со цел да се избегне складирање на резервни делови.

## ГУМИ ОД ТЕРЕНСКИ ВОЗИЛА

гумите на теренските возила работат под низок притисок, предизвикувајќи голем притисок на страничниот ѕид на гумата во контакт со земјата. Стресот ги зголемува раслојувањата и дупките поради истегнувањето на гумата. Белзона еластомерот брзо ги поправа овие оштетувања и го спречува понатамошно влошување, така се зголемува животниот циклус на гумите.

## ТРАНСПОРТНИ СИСТЕМИ

Транспортните системи се изложени на абење поради абразивната природата на материјалите кои предизвикуваат предвремено откажување на нивните компоненти, како што се ремени, сврзувачки елементи и погонски валци. Замена на деловите е скапа алтернатива, а исто така го зголемува времето на застој. Решенијата на Белзона се пронајдени за да обезбедат економични поправки на лице место со минимално нарушување на работата на постројката.

За повеќе информации за поправка и заштита на гума посетете ја belzona.com/2000



Белзона го продолжува векот на траење на рударските гуми за камиони


Оштетување на страничниот ѕид на гумите


Гума поправена со Belzona еластомери



## ПОПРАВКА НА ТРАНСПОРТНА ТРАКА

Транспортните траки постојано работат под тешки услови во рударска средина, каде што тежината и абразивноста на материјалите предизвикуваат кинење, дупки, одлепување и пресекување. Belzona еластомерите обезбедуваат извонредна отпорност на абразија и кинење, висока еластичност и исклучителна механичка јачина. Дали се користи за итно или планирано одржување, решенијата на Belzona обезбедуваат долгорочни поправки.


Оштетена површина на траката


Припрема на површината


Траката е брзо поправена

## СИСТЕМ ЗА ПОТПОРА НА ПОГОНСКИ ВАЛЦИ

Намалувањето на коефициентот на триење на валците предизвикува пролизгување и намалување на способноста за носење на терет. Системот на Белзона  кој се состои од метални полимерни композити со висока јачина и екстремно издржливи агрегати, обезбедуваат супериорни нелизгачки површини со извонредна и долготрајна адхезија. Конвенционалните поправки бараат целосно расклопување на ролните, предизвикувајќи неприфатлив застој на погонот.


Направена е припрема на шарата


Апликацијата е во тек


Системот за потпора е нанесен

## ОБЛОГИ ЗА ПУМПИ ЗА КАШЕСТА МАСА

Пумпите за кашеста маса се користат за транспорт на корозивни и абразивни материјали и затоа се многу подложни на оштетување од суровите услови на работа. Белзона еластомерите и керамичките композити нудат извонредна отпорност против тешка ерозија на облогите и роторите на пумпите. Конвенционалниот пристап кон поправката со заварување во овој случај би предизвикал искривување на металната подлога.


Незаштитено куќиште


Апликацијата е во тек


Куќиштето е заштитено

## ОБНОВА НА ПРИТИСНИ ФИЛТЕР ПЛОЧИ

Високиот работен притисок и абразивните честички во процесот на минерална филтрација предизвикуваат рабовите на филтерот да се истрошат, што доведува до неефикасност на процесот. Белзона материјалите отпорнzи на абразија ја обновуваат плочата и дозволуваат на опремата брзо да се врати во функција со оригиналниот капацитет на филтрирање.


Истрошени рабови на плочата на филтерот


Апликацијата е во тек


Рабовите на плочата  се обновени



Mining case study database

# ОДЛИЧНА ОТПОРНОСТ ПРОТИВ ХЕМИСКО ВЛИЈАНИЕ

## Обезбедување трајна бариера против широк спектар на агресивни хемикалии

Опремата во фабриките за преработка на руда се под постојан контакт со хемиски агресивни материјали. Композитите и премазите на Белзона за репарација и заштита можат брзо да ги поправат и заштитат тешките машини, обезбедувајќи хемиска отпорност спрема широк спектар на супстанции. Имаат способност да се спротивстават на сите концентрации на солени раствори, 98% сулфурна киселина и други киселини.

Производите на Belzona обезбедуваат заштита на површини оштетени од истурање на хемикалии или потопување, имаат висока адхезија на разни подлоги: бетон, метали и плочки. Се нанесуваат без специјални алати. Прилепувањето на Белзона магма полимерите на бетон е посилно од кохезивната сила на бетонот. Магма полимерите може да се зацврстат во рок од неколку часа и да се постигне целосна хемиска отпорност во рок до три дена.

Магма полимерните премази првпат се применуваат во 1980-тите. Овие облоги лесно и беспрекорно се нанесуваат во дебелина од приближно 500 микрони, при што го заштитува и елиминира ризикот од корозија на основната подлога.

За повеќе информации посетете ја belzona.com/tanks



Инсталација на флотациони ќелии



Опрема нападната од хемикалии



Згуснувачи во функција



Изложеност на корозивни средини



## ФЛОТАЦИОНИ ЌЕЛИИ

Оштетување во флотационите ќелии е предизвикано од постојана абразија на рудата што ги погодува ѕидовите на резервоарите. Галванската корозија исто така се јавува на челичните површини. Седиментот на рудата во флотационите ќелии е многу абразивен и влијае на подот на резервоарот.

Belzona композитите за поправка се користат за пополнување на празнините во металните ѕидови, а Белзона премазите отпорни на ерозија и корозија се користат за беспрекорна заштита.

## РЕЗЕРВОАРИ/КАДИ

Повеќето процеси на екстракција и процесирање со електролиза се изведуваат во многу агресивна и корозивна средина поради присуството на хемикалии, како што се алкали, киселини и соли. Белзона магма полимерите нудат монолитни облоги кои ги штитат ѕидовите и подниците на резервоарите против хемиски влијание, обезбедувајќи долг работен век и намалување на времето на застој.

## ЗГУСНУВАЧИ

Цврстите компоненти во згуснувачите почнуваат да се компресираат додека се наталожуваат на дното од резервоарот. Хемиските флокулати и коагуланти се користат за да се зголемат перформансите на процесот на згуснување. Комбинацијата на овие хемикалии плус цврстите материи во кашеста маса е многу агресивна во резервоарот за згуснување и во механизмот за гребење. Заштитните препреки на Belzona заштитуваат од хемиски напад и го продолжуваат работниот век на опремата.

## КОНТАМИНИРАНИ ПОВРШИНИ

Истурање на хемикалиите е неизбежно во процесот на нивно чување и преточување и предизвикува корозија во областите под резервоари, канали и шахти. Ова може да доведе до катастрофални последици и еколошко загадување. Нанесување на разновидните хемиски облоги на Белзона со четка или спреј, може да го скрати времето за аплицирање и застојот на опремата.

За повеќе информации посетете ја
belzona.com/containment

Video: Flexible barrier coating


Процес на чистење на површината


Флотационите ќелии заштитени со Белзона


Поправка на ѕидот на кади за електролиза


Завршена поправка и обложување со премаз


Згуснувач со тешка корозија


Внатрешна заштита на површината на згуснувачот и и гребалото


Бетонска површина незаштитена од хемикалии


Заштита од истурање на хемикалии

# ПОПРАВКИ СО КОМПОЗИТНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА МЕТАЛНИ ДЕЛОВИ

Композитните материјали од Белзона ги обновуваат металните делови во нивните оригинални профили и точни димензии



Традиционалните методи за поправка често нудат заварување, обработка или замена на делови, кои  можат да направат високи трошоци и да го зголемат времето на застој. Белзона може да обезбеди широк спектар на поправки, методи на заштита и системи за подобрување на перформансите за механичка опрема за пренос на енергија, мотори и куќишта од тешка опрема, како што се натоварувачи, багери, дробилки и млинови.

Од воведувањето на Белзона металните полимери во 1968 година, успешно се поправаат метални компоненти. Овие полимери нудат одлична механичка сила и долготрајност која е потребна за да се надминат суровите индустриски работни услови. Технологијата на Белзона е дизајнирана за сврзување на различни метални површини, вклучувајќи алуминиум, леано железо и челик.

## ПОПРАВКА НА МОТОРИ

Водата што циркулира низ блокот на моторот се замрзнува и се шири, или излегува од системот за ладење предизвикувајќи блокот да се скрши. Конвенционалната поправка со заварување може да предизвика деформација на подлогата или да ја направи заварената површина покршлива и подложна на понатамошно пукање.

Белзона металните полимери безбедно санираат испукани блокови со едноставни процедури. Нудат евтино решение наместо скапа замена на мотори.

За повеќе информации посетете ја belzona.com/mechanical



Апликацијата за налевање е во тек



Налевање на заби од корпа



Поглед на блок на мотор



Моторот е поправен со Белзона



## РЕПАРАЦИЈА НА ОШТЕТЕНИ ОСОВИНИ

Осовините се трошат и оштетуваат поради вибрации, триење, абразивни загадувачи и корозија. Онаму каде што е непрактична демонтажа на вратилото, со Белзона металните полимери може да се поправи на самото место без ризици кои се јавуваат во процесите на заварување.


Оштетено вратило


Во тек е обнова на вратило

## ПОПРАВКА НА ОШТЕТЕНИ ЖЛЕБОВИ ЗА КЛИН

Жлебовите за клин се абат и проширувaат. Поради постојан притисок при стартување и запирање се предизвикуваат вибрации, неусогласеност и стрес на спојките. Епоксидните композитни материјали на Белзона се дизајнирани да ги поправат и спречат овие грешки во опремата за пренос на механичка сила.

Со употреба на нов клин како калап, се создава совршена нулта толеранција. Оваа едноставна поправка заштедува време и пари, како и брзо враќање на опремата во работа.


Проширен жлеб за клин


Поправен жлеб за клин

## СПРЕЧУВАЊЕ ИЗОБЛИЧУВАЊЕ НА КУЌИШТА ОД ЛЕЖИШТА

Куќиштата се абат поради тешки оптеретувања. За да се обезбедат рентабилни решенија за поправки на самото место, се препорачуваат метални полимери на Belzona за обновување на проширени куќишта, овозможувајќи им на машините брзо да се вратат во работа со минимално време на застој.


Проширено куќиште


Поправено куќиште

## ПОПРАВКА НА ХИЛЗНА ОД ДРОБИЛКА

Движењето и вибрациите предизвикуваат абење и кинење на компонентите на дробилката, како што се сврзувачките елементи на хилзната. Белзона го решава проблемот на самото место, избегнувајќи потреба од резервни делови. Нашите решенија даваат значително подолг век на опремата и намалување на трошоците со елиминирање на потребата за нови делови.


Во тек е подготовка на површината


Во тек е обновување на површините


Video: Shaft repair

# ОПТИМИЗИРАЊЕ НА СТРУКТУРНИОТ ИНТЕГРИТЕТ НА ОБЈЕКТИ

Полимерните материјали од Белзона обезбедуваат трајна внатрешна и надворешна заштита од околината

Машините и опремата се составен дел за непречено функционирање на фабриките, сепак, влошувањето на структурата има потенцијал да предизвика долги и скапи застои. Белзона обезбедува сигурни и ефективни решенија за одржување на објектите уште од 1960-тите.

## КРОВНИ МЕМБРАНИ

Белзона течните полимерни мембрански системи нудат отпорност на вода и временски услови на сите видови покривни подлоги уште од 1966 година. Флексибилноста на овие системи овозможува покривање на комплексни архитектонски дизајни, нуди монолитна заштита и движење по геометријата на подлогата, овозможувајќи дилатациони движења. Има решенија и за итни репарации, дозволувајќи апликацијата да се изведува директно на влажни површини.

За повеќе информации посетете ја belzona.com/roof

## ОДРЖУВАЊЕ НА ЅИДОВИ

Белзона обезбедува широк спектар на епоксидни материјали композити за поправка и премази за ѕидови подложни на оштетување и протекување на слоеви. Покрај тоа, Belzona обезбедува заштита од влез на вода, како и физички и бактериски напад. Нашите премази не содржат растворувачи и може да се применат без прекинување на околниот процес.

## ПОПРАВКИ И ЗАШТИТА НА ПОДОВИ

Оштетен и истрошен бетон и камени подови може брзо да се санираат и заштитат со употреба на епоксидни Белзона композити и премази. Нашите решенија обезбедуваат исклучителна отпорност на удари и абразија, а исто така нудат одлична хемиска отпорност против широк опсег на хемикалии.

За повеќе информации посетете ја belzona.com/floor

belzona.com/facilities



Згради и конструкции во рударската индустрија



Незаштитен покрив



Заштита на покривот е во тек



Оштетени ѕидови




Целосна заштита на ѕидовите



Оштетена прелевачка зона на подот



Заштитена прелевачка зона

# СТРУКТУРЕН ИНТЕГРИТЕТ НА ОСНОВНАТА ПОДЛОГА

Белзона обезбедува рентабилно решение за обнова на подлогите, а исто така да ги израмни и фабрикува машините и опремата

## ПОПРАВКА НА БЕТОНСКИ ПОДЛОГИ

Подлогите, бетонските столбови и носачите страдаат од оштетување предизвикано од удар, вибрации или хемиски влијанија. Машината и опрема од горенаведеното е исклучително важна, со што нејзината заштита е од суштинско значење.

Belzona магма полимерите се користат за поправање, обновување и заштита на бетон и камен. Овие епоксидни материјали ги надминаа ограничувањата од употреба на цементот, кој најчесто има слаба адхезија на основната подлога.

Мешавината на систем од епоксидна смола со избрани кварцни честички, обезбедува феноменална цврстина на површината која се поправа. Напротив, конвенционалните минерални материјали, како што се бетон, шкрилец и камен, кохезивно не успеваат да се поврзат.

Бетонските поправки може да потраат дваесет и осум дена се додека бетонот не стврдне и не се исуши. Ова предизвикува долг застој, додека, полимерните магми можат да се зацврстат за неколку часа и да ги постигнат своите целосни својства на хемиска отпорност до три дена.

Белзона Магма-Кварц воведен е во 1972 година и успешно е искористен во било која сакана конзистентност, било да е тоа течна конзистентност за фугирање или леплива конзистентност за обновување на површини.

## НАЛЕВАЊЕ, ЗАЛИВАЊЕ И НИВЕЛИРАЊЕ

Прекумерните вибрации и триењето предизвикува оштетување на заливките од машините. Ова влијае на перформансите на опремата и сигурноста во работењето.

Белзона има индустриска компонента за заливање која служи за прецизна инсталација на мотори, млинови и друга опрема.

Белзона обезбедува прецизно нивелирање бидејќи материјалите по стврднувањето не се собираат волуменски. Високата издржливост на компресија обезбедува висок капацитет на носивост.

Нашиот материјал за самонивелирање е лесен за користење, со што се намалува времето за инсталација. Покрај тоа, компонентата за заливање нуди трајно и антикорозивно решение што е од суштинско значење за стабилизирање на тешката опрема.


Оштетена основна подлога на пруги


Во тек е санација


Оштетена бетонска подлога


Завршена апликација


Наливање на седиштето од лежиште на багер


Завршено инјектирање


Заливањето е во тек


Прецизно заливање на опремата

# ГЛАВНИ СТАНДАРДИ НА ПРИМЕНА



## ПРЕДКВАЛИФИКАЦИЈА

Материјалите на Belzona се предмет на строги независни и внатрешни тестирања, документирани во листите за спецификации на производи и графикони за хемиска отпорност. Тестирањето се врши во нашата ISO 9001 ревидирана лабораторија со признати стандарди. Тестирања се вршат и за надворешни партнери. Бројни компании од високо профилирани рудници и компании за вадење камен, ја претквалифицираат употребата на Белзона материјалите за одржување на средствата.



## СПЕЦИФИКАЦИЈА

Се избираат соодветни материјали и процедури за аплицирање, за да се исполнат конкретните услови за успешна работа. Посветени проектни инженери здружени со луѓето од техничка поддршка кои се наоѓаат во главното седиште на Белзона, помагаат во правилниот избор на материјали и специфицирање на процедурите за аплицирање.

Ние исто така одржуваме сеопфатна база на податоци достапна од глобалната мрежа на Белзона дистрибутерите, која го олеснува споделувањето на информации и искуства, подобрување на спецификациите и стандардите за примена.



## ПРИМЕНА

Стандардите за примена и подготовката на површината, се составен дел на успехот на имплементација на решението. Белзона ја препознава потребата за поставување и следење на глобалните стандарди за апликација.

Апликациите ги врши искусен и обучен персонал. Белзона ги спроведува програмите за обука со теоретски и практични курсеви, вклучувајќи програми за обука на самото место. Се прават извештаи за да се обезбеди одржување на стандардите за аплицирање, метода на работа, постапки за контрола на квалитет и дневна инспекција.



## ИНСПЕКЦИЈА

Инспекцијата се врши пред, за време и по завршувањето на аплицирањето за да се осигура дека  системите на Белзона се применуваат во согласност со нашите стандарди и барања на клиентот.

По приближувањето на крајот на очекуваниот век на траење на системот, опремата повторно се проверува и се препорачуваат соодветни дејства. Ова може да вклучи помали работи за поправка или никакво дејство, бидејќи системите на Belzona имаат тенденција да го надминат проектираниот век на траење.

# БЕЛЗОНА РЕШЕНИЈА ЗА ИНДУСТРИЈАТА ЗА РУДАРСТВО И ВАДЕЊЕ КАМЕН

## СИСТЕМИ ОТПОРНИ НА ЕРОЗИЈА
за заштита од сурови услови



## КОМПОЗИТНИ МАТЕРИЈАЛИ
за висока механичка сила



## КОМПОЗИТИ ЗА РЕПАРАЦИЈА НА БЕТОН
за структурен интегритет



## КОМПОНЕНТА ЗА ЗАЛИВАЊЕ
за налевање и нивелирање на опрема



## ЕЛАСТОМЕРИ ОТПОРНИ НА АБРАЗИЈА
за флексибилни репарации




## МАГМА ПОЛИМЕРИ
за заштита од хемиски влијанија



BSI
ISO 9001:2008
Q 09335
ISO 14001:2004
EMS 509612

Производите на Belzona се произведени
според ISO 9000 регистриран систем за
управување со квалитет

UK • USA • Canada • Thailand

BELZONA®
Репарација • Заштита • Подобрување

www.belzona.com

Copyright © Belzona International Limited 2017